ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СУ-03 Бр / Nr. 14/24-1
21.05.2024 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 од Законот за судовите, член 13 и член 112 вв член 61 од Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 21.05.2024 година, ја донесе следната:

# ***О Д Л У К А***
## ***за изменување и дополнување на Годишен распоред за работа на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година Су-03 бр. 14/24 од 09.01.2024 година***

**Член 1**

Во **Глава I „Оддел за казниви дела“,**

Во **точката А.II „Стручни судски соработници распоредени во Одделот за казниви дела“**, точката 6 се брише.

**Ставот 3** се менува и гласи:

„Распоредувањето на предметите ќе го врши судијата известител чии предмети е потребно да се распределат.“

**Точката** А.**III** се менува и гласи:

„Секретарот на одделот **м-р Данче Попева Марковиќ,** раководител на оддел за казниви дела и нејзиниот заменик **Биљана Наумоска**, судски советник ја следат судската практика на советите во одделот и на неделно ниво доставуваат извештај до Претседателот на Судот и до секретарот на одделот за судска практика за предметите издвоени за судска практика, изготвуваат предлог-сентенци, ги уредуваат и ги подготвуваат образложенијата на утврдените правни мислења и заклучоци кои, по претходно известување на Претседателот на Судот и во координација со советникот-портпарол се објавуваат на веб страницата на Судот“.

По точката **A.III** се додава нов став кој гласи:

„Секретарот на одделот и неговиот заменик, значајните правосилни одлуки систематизирани по правни области ги објавуваат во билтен најмалку еднаш годишно и подготвуваат материјал за збирка на судски одлуки на Судот.“

По точката А.**III**. се додава нова точка А.**IV.**, која гласи:

„Стручните судски соработници распоредени во Одделот задолжително ја следат судската практика и подготвуваат извештаи за предметите издвоени за судска практика, учествуваат во изготвувањето на предлог-сентенците и билтените на судската практика”.

**Член 2**

Во глава **II Оддел за граѓански дела,**

Во **точката Б.II. „Стручни судски соработници распоредени во Одделот за граѓански дела**, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

1. **м-р Марија Ќипровска**, судски советник со судија **Владимир Стојаноски**
2. **м-р Ива Аврамовска**, судски советник со судија **Јелица Крстевска**
3. **Љилјана Николовска**, раководител на Оддел за граѓански дела со судија **Исамедин Лимани**
4. **м-р Марина Милева**, самостоен судски советник со судија **Анита Бошковска**
5. **м-р Елена Стефковска Мициќ**, судски советник со судија **Мирјана Радевска Стефкова**
6. **Наташа Златеска Терзовска**, судски советник со сите судии од првиот граѓански совет
7. **Јанка Тасевска,** судски советник со сите судии од првиот граѓански совет
8. **Александра Димовска Бошковска**, судски советник со сите судии од вториот граѓански совет
9. **Искра Крстевска,** судски советник со сите судии од вториот граѓански совет
10. **Маја Димитровска Јовановска,** раководител на оддел за судска пракса се распоредува со сите судии во двата совети
11. **Јулија Колоска,** судски советник со сите судии од двата совети

**Ставот 3** се менува и гласи:

„Распоредувањето на предметите ќе го врши судијата известител чии предмети е потребно да се распределат."

**Точката Б. III.** се менува и гласи:

„**Секретарот на одделот Невена Хаџи Панова,** самостоен судски советник не учествува на судењата на советите во одделот. Секретарот на одделот и нејзиниот заменик **Лилјана Николовска**, раководител на оддел за граѓански дела ја следат судската практика на советите во одделот и на неделно ниво доставуваат извештај до Претседателот на Судот и до секретарот на одделот за судска практика за предметите издвоени за судска практика, изготвуваат предлог-сентенци, ги уредуваат и ги подготвуваат образложенијата на утврдените правни мислења и заклучоци кои, по претходно известување на Претседателот на Судот и во координација со советникот-портпарол се објавуваат на веб страницата на Судот".

**Точката Б. IV.** се менува и гласи:

„Стручните судски соработници распоредени во Одделот задолжително ја следат судската практика и подготвуваат извештаи за предметите издвоени за судска практика, учествуваат во изготвувањето на предлог-сентенците и билтените на судската практика.

**Член 3**

Во **Глава III Оддел за судење во разумен рок,**

Во **точката В.II. „Стручни судски соработници распоредени во Одделот за граѓански дела“,** се менува и гласи:

„**1. м-р Марија Ивановска,** судски советник со судијата **м-р Сафет Кадрии.**
**2.Суза Мицевска,** судски советник со судија **Анита Бошковска**
**3. Искра Крстевска,** судски советник со судиите од советот.“

**Точката В. III.** се менува и гласи:

„Во Советот за одлучување по жалби против решенијата на советот од тројца судии по барање за заштита на правото за судење во разумен рок се распоредуваат **Анета Ралев,** раководител на оддел за судење во разумен рок и **Весна Илиева,** судски советник кои ќе постапуваат по предметите на сите судии распоредени во советот.“

**Точката В.V.** се менува и гласи:

„Секретарот на одделот **Анета Ралев,** раководител на оддел за судење во разумен рок и нејзиниот заменик **Суза Мицевска,** судски советник ја следат судската практика на советите во одделот и на неделно ниво доставуваат извештај до Претседателот на Судот и до секретарот на одделот за судска практика за предметите издвоени за судска практика, изготвуваат предлог-сентенци, ги уредуваат и ги подготвуваат образложенијата на утврдените правни мислења и заклучоци кои, по претходно известување на Претседателот на Судот и во координација со советникот-портпарол се објавуваат на веб страницата на Судот“.

По точката **В.V.** се додава нова точка **В.VI.** која гласи:

„Стручните судски соработници распоредени во Одделот задолжително ја следат судската практика и подготвуваат извештаи за предметите издвоени за судска практика, учествуваат во изготвувањето на предлог-сентенците и билтените на судската практика.

**Член 4**

Во **Глава V Оддел за судска практика,**

**Точката Д. I.** Стручни судски соработници распоредени во Одделот за судска практика **се менува и гласи:**

**„Д.I.** Работите на секретар на Одделот за судска практика ќе ги врши **Невена Хаџи Панова,** самостоен судски советник, а за нејзин заменик се определува **м-р Елена Стефковска Мициќ,** судски советник.**“.**

**Точката Д. II.** се менува и гласи:

**„Д.II.** Секретарот на одделот **Невена Хаџи Панова** самостоен судски советник и нејзиниот заменик **м-р Елена Стефковска Мициќ** судски советник, ја следат судската практика на советите во одделот и на неделно ниво

доставуваат извештај до Претседателот на Судот и до секретарот на одделот за судска практика за предметите издвоени за судска практика, изготвуваат предлог-сентенци, ги уредуваат и ги подготвуваат образложенијата на утврдените правни мислења и заклучоци кои, по претходно известување на Претседателот на Судот и во координација со советникот-портпарол се објавуваат на веб страницата на Судот."

**Член 6**

**Глава VI, судски службеници се менува и гласи:**

I. **м-р Милчо Вељаноски,** советник-портпарол, се определува за Шеф на Кабинетот на Претседателот на судот, ќе ги координира работите во делот на меѓународна соработка и ќе извршува работни задачи кои се однесуваат на информирањето на јавноста за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија и на Претседателот на судот.

II. **м-р Лидија Таневска Јадровска,** самостоен судски советник ќе ја подготвува поканата за свикување на Општата седница, со предлог на дневен ред, ќе ги води и изготвува записниците од Општата седница; ќе постапува по поднесените претставки и предлози до судот (уписник УПП), по проверка на содржината и по претходно добиени упатства од претседателот на судот и во законски определените рокови доставува одговор до подносителот на претставката или предлогот, согласно закон; ќе постапува по барањата за изземање (уписник СУ-ИЗЗ); ќе постапува по предметите ОСЖ и се определува за одговорно лице за постапување и архивирање на архивскиот материјал на Врховниот суд на Република Северна Македонија.
Во случај на отсуство или спреченост на **м-р Лидија Таневска Јадровска,** самостоен судски советник, за заменик се определува **Невена Хаџи Панова,** самостоен судски советник.

III. **м-р Маја Бабановска,** раководител на одделение за човечки ресурси, ги извршува работните задачи на раководител на Одделението, ќе извршува работи и работни задачи во Кабинетот на Претседателот на судот по задолжение на Претседателот на судот.

IV. **Невена Хаџи Панова,** самостоен судски советник ќе извршува и работни задачи по задолжение на Претседателот на судот.

V. **Анета Митиќ,** самостоен судски референт, се распоредува на работно место технички секретар на Претседателот на судот и ќе извршува работни задачи за потребите на Претседателот на судот и ќе ја води архивата во Канцеларијата во кабинетот на Претседателот на судот.

VI. **Елизабета Ивановска,** самостоен судски референт, се распоредува заменик технички секретар на Претседателот на судот и ќе ги извршува работни задачи за водење на евиденцијата во судската управа по уписници-ознака СУ, СУ-01, СУ-02, СУ-03, СУ-04, СУ-05, СУ-07, СУ-ИЗЗ, СУ-ДОВ, СУ-СТР-ДОВ, УПП, СПИ и СПИ-Р и ќе извршува работни задачи во Одделението за човечки ресурси. Во случај на отсуство или спреченост на **Елизабета Ивановска,** самостоен судски референт, за извршување на работните задачи во Одделението за човечки ресурси за замена се определува **Анета Митиќ,** самостоен судски референт.

VII. **Лидија Славковиќ,** самостоен судски референт, се распоредува во Канцеларијата на Претседателот на Судот и ќе извршува работни задачи за потребите на Претседателот на судот, работни задачи во врска со уписниците и архивата во Канцеларијата на Претседателот на Судот и како оператор ја води телефонската централа на судот.
Во случај на отсуство или спреченост на **Анета Митиќ,** самостоен судски референт **и Елизабета Ивановска,** самостоен судски референт, за нивен заменик се определува **Лидија Славковиќ,** самостоен судски референт.

VIII. **м-р Весна Андоноска,** самостоен судски советник се определува за координатор на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите и се определува за одговорно лице за барањата по слободен пристап до информации од јавен карактер СПИ и СПИ-Р и за одговорно лице по Законот за заштита на лични податоци, а за нејзин заменик се определува **Анета Ралев,** раководител на оддел за судење во разумен рок.

IX. **м-р Марија Ќипровска,** судски советник се распоредува да врши работи и во врска со постапките за Јавни набавки и ќе го води уписникот-ознака СУ-02.

Во случај на отсуство или спреченост на **м-р Марија Кипровска,** судски советник, уписникот-ознака СУ-02 ќе се води во Канцеларијата на Претседателот на судот за водење на евиденција во судската управа.

X. **м-р Марија Ивановска,** судски советник се распоредува да врши работи и во Советот на судска служба.

XI. **Фидаије Алидеми,** советник-преведувач ги извршува сите работи и работни задачи во Судот кои се однесуваат на превод од македонски јазик на албански јазик и од албански јазик на македонски јазик.

XII. **Ридван Мусли,** помлад соработник, се распоредува да извршува работни задачи кои се однесуваат на превод од македонски јазик на албански јазик и од албански јазик на македонски јазик и по потреба ќе врши фотокопирање и скенирање на материјали.

XIII. **Гордана Мазневска,** самостоен судски референт, ќе го води уписникот СУ-ССС во одделението за административни работи на Советот на судска служба, ќе ги доставува предметите до сите членови на Советот во скенирана форма по електронски пат, ќе врши прием и експедиција на предметите на Советот.

XIV. Во случај на отсуство или спреченост на **Гордана Мазневска,** самостоен судски референт, **м-р Марија Ивановска,** судски советник ќе го води уписникот СУ-СС во одделението за административни работи на Советот на судска служба, ќе ги доставува предметите до сите членови на Советот во скенирана форма по електронски пат, ќе врши прием и експедиција на предметите на Советот.

XV. **Гордана Мазневска,** самостоен судски референт, се распоредува и во дактилобиро.

XVI. **Лена Димитриевска,** самостоен судски референт, ќе врши работи и работни задачи како водител на дактилобиро.
Во случај на отсуство или спреченост на водителот на дактилобирото **Лена Димитриевска,** самостоен судски референт, **Гордана Мазневска,** самостоен судски референт, се определува за нејзин заменик.

XVII. **Ангелина Стерјова,** самостоен судски референт, се распоредува во дактилобиро и да извршува и работи и работни задачи во врска со архивскиот материјал во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

XVIII. **Миодраг Јосифовски,** самостоен судски референт, ќе извршува работи кои се однесуваат на прием на поштата во Судот.
Во случај на отсуство или спреченост на **Миодраг Јосифовски,** самостоен судски референт, за заменик за прием на пошта се определува **Дарко Виранов,** самостоен судски референт.

XIX. **Дарко Виранов,** самостоен судски референт, ќе извршува работи кои се однесуваат на експедиција на поштата од Судот, работни задачи во врска со архивскиот материјал на Врховниот суд на Република Северна Македонија и одржувањето на зградата на Судот. Во случај на отсуство или спреченост на **Дарко Виранов,** самостоен судски референт за замена се определува **Даниел Казиев,** самостоен судски референт во координација со **Горан Костадиноски,** самостоен судски референт.

XX. **Катерина Новачковска,** самостоен судски референт, ќе ја води судската Библиотека во Судот и ќе доставува примерок во хартиена форма-фотокопија од секој Закон, Закон за изменување и дополнување, како и Одлуки на Уставниот суд ќе доставува на Претседателот на судот, судиите и стручните судски службеници, ќе врши и работни задачи во врска со архивата на Судот.

XXI. **Виолета Виранова,** самостоен судски референт, ќе врши работи и работни задачи како водител на писарница во Одделот за казниви дела.

XXII. **Ирина Павлова,** самостоен судски референт, се распоредува во писарница во Одделот за казниви дела.
Во **Одделот за казниви дела** во случај на отсуство или спреченост на водителот на писарницата **Виолета Виранова**, самостоен судски референт, за заменик се определува **Ирина Павлова,** самостоен судски референт.

XXIII. **Драгица Богатиновска,** самостоен судски референт, ќе врши работи и работни задачи како водител на писарница во Одделот за граѓански дела.

XXIV. **Билјана Китановска,** виш судски референт се распоредува во писарницата на Одделот за граѓански дела.
Во случај на отсуство или спреченост на водителот на писарницата **Драгица Богатиновска**, самостоен судски референт, за заменик се определува **Билјана Китановска,** виш судски референт.

XXV. **Жаклина Георгиева,** самостоен судски референт, ќе ја координира работата на писарниците на Одделите согласно Судскиот деловник и Деловникот за работата на Судот, ќе доставува извештаи до Претседателот на судот согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите, ќе врши работи и работни задачи како водител на писарница во Одделот за судење во разумен рок.

XXVI. **Мерима Џигал,** помлад судски соработник се распоредува во писарницата на Одделот за судење во разумен рок.
Во **Одделот за судење во разумен рок** во случај на отсуство или спреченост на водителот на писарницата **Жаклина Георгиева**, самостоен судски референт, за заменик се определува **Мерима Џигал,** помлад судски соработник.

XXVII. **Шпензије Османи,** самостоен судски референт, се распоредува во писарницата на Одделот за судење во разумен рок.

XXVIII. **Горан Костадиноски,** самостоен судски референт, се распоредува за возач на Претседателот на Судот и за потребите на судот по одобрение на Претседателот на Судот и е одговорен за службените возила и обезбедувањето на протоколот на Претседателот на Судот.
Во случај на отсуство или спреченост на **Горан Костадиноски,** самостоен судски референт, за замена се определува **Дарко Виранов,** самостоен судски референт.

XXIX. **Даниел Казиев,** самостоен судски референт, ќе ги врши работите на економ, водење на материјалното сметководство, скенирање и фотокопирање на материјали. Во случај на отсуство или спреченост на **Даниел Казиев**, самостоен судски референт, за заменик се определува **Дарко Виранов,** самостоен судски референт.

XXX. **Иван Јосифовски,** самостоен судски референт, ќе ја координира, организира и ќе ја води целокупната работа за одржување и функционирање на судската зграда.
Во случај на отсуство или спреченост на **Иван Јосифовски,** самостоен судски референт, за заменик се определува **Даниел Казиев,** самостоен судски референт.

XXXI. **Светлана Насевска,** виш судски референт се распоредува за вршење на анонимизација и објавување на судски одлуки на веб страницата страната на Судот.

XXXII. **Весна Јаневска,** самостоен судски референт, се распоредува во дактилобиро ќе врши и анонимизација и објавување на судски одлуки на веб страницата страната на Судот.

XXXIII. **Даниела Ѓурчиноска,** раководител на Одделението за материјално и финансиско работење ќе ги извршува работите и работните задачи на раководител на Одделението.

XXXIV. **Цветанка Ангеловска,** самостоен референт врши работи и работни задачи како сметководител.
Во случај на отсуство или спреченост **Даниела Ѓурчиноска,** раководител на Одделението за материјално и финансиско работење

и **Цветанка Ангеловска,** самостоен судски референт меѓусебно се заменуваат.

XXXV. **Весна Бојаџиевска,** раководител на служба-информатика ќе ги извршува работите и работните задачи на раководител на службата. Во случај на отсуство или спреченост **Весна Бојаџиевска,** раководител на служба-информатика за заменик се определува **м-р Мирјана Башеска Јоноска**, раководител на одделение за информатичка безбедност.

XXXVI. **м-р Мирјана Башеска Јоноска**, раководител на одделение за информатичка безбедност ќе ги извршува работите и работните задачи на раководител на одделението

XXXVII. **Перо Аризанковски,** раководител на одделение за развој и одржување ќе ги извршува работите и работните задачи на раководител на одделението.

XXXVIII. **Виктор Станоески,** раководител на одделение за мрежи и оперативен систем ќе ги извршува работите и работните задачи на раководител на одделението.

**Член 7**

По **Глава VI** се додава нова **Глава VII** која гласи:

**Глава VII Судска полиција**

XXXIX. **Александар Цветковски,** командант на судската полиција кој постапува по насоките и упатствата на Претседателот на Врховниот суд на РСМ

XL. **Јовица Апостоловски** командир на судската полиција непосредно командува со судската полиција по насоките и упатствата на Претседателот на Врховниот суд на РСМ

XLI. **Драган Томески**, заменик командир на судската полиција

XLII. **Коста Шетрјов,** припадник на судската полиција

XLIII. **Трипун Бабунски,** припадник на судската полиција

**Член 8**

По **Глава VII** се додава нова **Глава VIII** која гласи:

**Глава VIII Помошно техничка служба,** која гласи:

Помошно техничките работи во Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно Законот за судска служба, Законот за работните односи, Внатрешните процедури за работа во Врховниот суд на Република Северна Македонија и работните задачи по задолжение на Претседателот на судот ги вршат:

1. **Сузана Георгиевска,** работник во бифе
2. **Светлана Алексовска,** работник во бифе
3. **Селвие Дурмиш,** хигиеничар
4. **Јелена Ристеска,** хигиеничар
5. **Марија Зафировска,** хигиеничар
6. **Асиба Османовска,** хигиеничар
7. **Анета Бабунска,** хигиеничар
8. **Спасена Ивановска,** хигиеничар
9. **Лејла Азис,** хигиеничар
10. **Кирил Коцевски,** хаус-мајстор

*Образложение*

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-03 бр. 14/24 од 09.01.2024 година, а поради успешно реализирање на Годишниот план за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, организација на судската служба и вработените во судот во насока на ефикасно вршење на работните задачи согласно програмските цели во делот на човековите ресурси.

При донесување на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот распоред на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија, во предвид се зема и престанокот на работниот однос на двајца судски службеници Билјана Богдановска Христовска самостоен судски референт-економ, на кој и е прекинат работниот однос во Врховниот суд на Република Северна Македонија заклучно со ден 29.02.2024 година и м-р Снежана Димитровска судски советник, на кој и е престанат работниот однос по сила на закон поради исполнување на услови за старосна пензија на ден 22.04.2024 година.

Поради горе наведеното, Претседателот Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми донесе Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-03бр.14/24 од 09.03.2024 година.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**

**Д.Н.**- Претседателот
- Судиите
- Стручни судски службеници
- водители на писарници
- сметководство
- ИТ центар
- архива